# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ДИМКО МИТРЕВ АД ВЕЛЕС ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.06.2023 ГОДИНА

Сметководствените политики и методи на вреднување користени при составување на финансиските извештаи за период од 01.01.до 30.06.2023 година се непроменети и се применуваат конзистентно со оние применети при составување на финансиските извештаи за истиот период од предходната година.Истите ќе се применуваат до моментот додека не се донесе друг акт кој ги уредува овие прашања.

Во периодот од 01.01.до 30.06.2023 година ДИМКО МИТРЕВ а.д. Велес оствари нето добивка од 58 илјади денари и во однос на истиот период од предходната година е помала за 32 %.

Имено во пресметковниот период е остварен вкупен приход од 112.675 илјади денари и во однос на вкупниот приход во 2022 година е помала за 35 %.

По структурата на застапеност во вкупните приходи нај големо учество имаат приходите од странскиот пазар и тие учествуваат со 94 %, приходите од домашен пазар со 2 % и други приходи со 4 %.

Во остварените вкупни приходи нај голем дел се остварени приходи од продажба на сопствени производи и услуги наменети за извоз кој редовно се наплаќаат.

Во периодот од 01.01. до 30.06.2023 година вкупните расходи изнесуваат 113.484 илјади денари и во однос на вкупните расходи во 2022 година се помалени за 35 %.

По структурата на застапеност во вкупните расходи нај големо учество имаат трошоците за суровини и репроматеријали и изнесуваат 79.387 илјади денари и во однос на истиот период од предходната година се помалени за 16 %.

Трошоците за бруто плата на вработените изнесуваат 60.196 илјади денари и во однос на истиот период во 2022 година се помали за 4 % и истите редовно се исплаќаат.

Во пресметковниот период од 01.01. до 30.06.2023 година вкалкулирани се нето плати во вкупен износ од 40.028 илјади денари и задолжителни придонеси за нето плата во износ од 20.168 илјади денари.

Во овој период нема исплата на дивиденда .

Димко Митрев а.д.
Велес